На ден 24.09.2010 година (петок), во Угостителскиот објект „Бобо Левел“ во Општина Богданци, се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животна средина на проектот ”Парк на ветерни електрани - Богданци”. Јавната расправа која ја организираа Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот АД ЕЛЕМ (АД Електрани на Македонија), со поддршка на Општина Богданци, започна во 12:10 часот.

Присутни:

- **Зоран Бошев,** раководител на Одделение за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

- **Билјана Спироска,** советник во Одделение за оцена на влијание врз животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)

- **Влатко Павлески,** претставник од страна на инвеститорот, АД ЕЛЕМ

- **Звонко Кушоски,** претставник од страна на инвеститорот, АД ЕЛЕМ

- **Иван Трпески,** претставник од страна на инвеститорот,АД ЕЛЕМ

- **М-р Константин Сидеровски,** сениор консултант за животната средина, одговорен за изработка на Студијата

- Претставници од Општина Богданци

- Заинтересирани/засегнати граѓани

**Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:**

**Отварање и вовед**

1. Јавната расправа ја отвори г-дин Зоран Бошев, раководител на Одделението за оцена на влијание врз животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници тој ја истакна важноста од одржувањето на јавната расправа и учеството во дискусијата на истата, а потоа им даде збор на претставниците од инвеститорот.

2. Г-ин Влатко Павлески, претставник од страна на инвеститорот, АД ЕЛЕМ - Електрани на Македонија, преку кратка презентација, ја претстави компанијата од нејзиното формирање, нејзините актуелни и планирани активности, понатака беа презентирани постоечките извори на електрична енергија во рамките на АД ЕЛЕМ и приоритетните проекти во кои припаѓа и проектот ”Парк на ветерни електрани - Богданци”.

3. Презентација на студијата за оценка на влијанието врз животната средина ја презентираше М-р Константин Сидеровски, сениор консултант за животната средина, одговорен за изработка на Студијата.

Најпрвин, беше објаснет контекстот за планирање на проектот. Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина, како услов за добивање на Решение со кое се дава согласност за спроведување на проектот, согласно Законот за животна средина. Притоа надлежниот орган го даде мислењето за обемот и содржината на Студијата кои во целост се запазени.

Во презентацијата беше истакната оправданоста на проектот пред се од користењето на обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија на околу 7.000 просечни македонски домаќинства, замена на електричната енергија произведена од фосилни горива и намалување на стаклнички гасови, проектот ќе снабдува дополнителна електрична енергија во националната мрежа, проектот е компатибилен со постоечкото користење на земјиштето, вклучуваќи земјоделски и сточарски активности итн.

Во продолжение беа презентирани основните параметри на Паркот на ветерни електрани: поставување до 35 ветерни турбини и темели (секоја ветерна турбина ќе има капацитет од 1.5MW), трафостаница, 33 kV подземни кабли за поврзување од турбините до трафостаницата и 110 kV надземен далекувод на електрична енергија од трафостаницата до следната трафостаница, времени пристапни патишта до локацијата и помеѓу турбините и времени објекти за потребите на изградбата на паркот на ветерни електрани, вклучувајќи и површина за изградба и складирање, истакнуваќи дека проектот опфаќа површина од 8 хектари.

М-р Сидеровски, истакна дека во Студијата се анализирани следниве главни влијанија: визуелни аспекти и предел, еколошки ефекти, квалитет на воздух, бучава, сообраќај, отстранување на отпад, фауна на птици, лилјаци, флора и фауна, квалитет на воздух, подземни води, електромагнетни пречки, ефект на треперење на сенка, несреќи и дефекти и тоа во сите фази од животниот циклус на проектот - фаза на изградба, оперативна фаза и фаза на престанување со работа. За секое од овие влијанија, по секоја фаза поодделно, предвидени се мерки за намалување на потенцијалните влијанија.

На крај, М-р Сидеровски потенцираше дека инвеститорот АД ЕЛЕМ (АД Електрани на Македонија) презема одговорност да го спроведува Планот за мониторинг на влијанија врз животната средина, кој е вграден во оваа Студија. Исто така ја презема и обврската да ги спроведе предложените мерки за намалување на влијанијата врз животната средина со цел да обезбеди влијанијата да се одржуваат на прифатливо ниво во текот на целиот животен циклус на паркот.

По завршувањето на презентацијата за Студијата за ОВЖС, Г-дин Зоран Бошев, пред да ја отвори дискусијата информираше дека сите заинтересирани можат во рок од 10 дена да доставаат коментари во однос на Студијата, а коментарите од заинтересираната јавност ќе бидат земени предвид во процедурата на издавање на Решение за согласност за спроведување на проектот.

3. Дискусија

- Г-дин Крсте Таневски, ги истакна сознанијата дека звукот од ветерните турбини ќе биде штетен, на тоа од страна на М-р Сидеровски беше одговорено дека според негови сознанија кои ги истакна во презентацијата звукот не е штетен и го постави прашањето од каде се тие сознанија, за кое Г-дин Крсте Таневски немаше конкретен одговор

- Г-дин Илија Тумбов, во медиумите имало информација дека мерењето на ветерот е кратко време, дали тоа е шпекулација или вистина.

М-р Сидеровски истакна дека инвеститорот не би инвестирал доколку не е сигурен во неговата исплатливост.

На тоа се надоврза и Г-дин Звонко Кушоски  дека  мерните станици се инсталирани од 2006 година по три години мерења е утврден потенцијалот, а потоа е поставена уште една мерна станица за корелација.

- Г-дин Илија Тумбов,  во делот на ветовиот парк дали ќе може стоката да се качува и да се користат пасиштата.

М-р Сидеровски потврди дека ќе пасиштата ќе можат да се користат.

- Г-ин Иван Иванов, кога ќе може да се очекува започнување на проектот,

Г-ин Звонко Кушоски одговори дека до крајот на оваа година се очекуваат да се решат локациските услови, па понатаму набавка на опрема …

- Од претставници на невладина организација беше поставено прашањето дали единствен пат за изградба ќе биде од Богданци до Ранавец, М-р Сидеровски одговори дека тоа ќе биде главен пат, и само во оперативна фаза, нема да има континуирано носење на луѓе. На тоа се надоврза и Г-дин Звонко Кушоски истакувајќи дека целата документација ќе се вадиво Општина Богданци така да ќе имаат увид на целокупната ситуација.

Други дискутанти не се пријавија и јавната расправа ја затвори г-дин Бошев во 13:40 часот.

Листа на присутни

**Записничар**

Билјана Спироска